# РАЗГОВОР ЗА НИКОЛА ВАПЦАРОВ

На 27 мај во Македонски културен клуб „Никола Вапцаров“ во Благоевград беше организиран разговор во чест на патронот на Клубот Никола Вапцаров. Дојдоа Македонци од Благоевград, Софија, Разлог, Гоце Делчев, Сандански и Петрич.

Настанот започна со поздравен говор од претседателот на Клубот Атанас Мазнев. Тој прочита Повик подготвен и поддржан од македонските организации во врска со обидите да се затвори клубот во Бугарија и со политиката на Бугарија против македонското малцинство. Присутните ја одобрија со аплауз (https://www.facebook.com/OMOIlindenPirin1998/posts/pfbid02HrGiLgtoNSStw9tGmtxbv7tUcJYDeKJscPcJJVWXHpvLKqWvj2m5UJ1mGNaix6A1l).

Предавање за Вапцаров изнесе професор Стојко Стојков од град Сандански. На почетокот тој праша на каков јазик сакаат да го изнесе предавањето – на македонски или бугарски на што доби општ категоричен одговор – на македонски. Темата беше значењето на личноста во историјата и специјално личноста на Никола Вапцаров. Стојков зборуваше за македонска самосвест и македонска борба на Никола Вапцаров, за неговиот животен пат, за неговиот однос спрема македонскиот литературен јазик, за Вапцаров и за смртта. Тој е симбол на македонското малцинство во Бугарија и додека ги има Македонците во Бугарија ќе биде актуелен и бесмртен, заврши Стојков. Предавањето беше придружено со рецитирање и цитирање од книгата на Стојков Никола Вапцаров: Ние сме Македонци и нашето творештво треба да биде во служба на македонската кауза. Стојков објасни дека намерно ја издал книгата на оригиналниот јазик користен во поезијата и во спомените за Вапцаров и тоа земени од официјални бугарски изданија за да не може никој од оние што ја оспоруваат македонската самосвест на Никола Вапцаров да може нешто во неа да оспори и на прашање на публиката одговори дека таа се преведува во моментот и на македонски јазик.

Втор говорник беше писателот и истражувач на месната историја Борис Сандански од градот Кресна, роднина на Јане Сандански. Тој прочита свои стихотворби за Никола Вапцаров. Раскажа како кога започнал да ја пишува едната, бил уапсен и одведен во милиција каде се обиделе да го врбуваат да биде соработник на државна безбедност. Откако ги одбил го пуштиле со заповед – не смееш да зборуваш за она што го знаеш. Тоа биле трагичните за Македонците во Бугарија 1960-ти години. Кога се вратил ја нашол започнатата стихотворба и ја завршил. Сподели дека подготвува издание на своја поетска книга за Македонија, Пирин, македонските војводи и јунаци, нешто во што би можел да помогне и МКК Никола Вапцаров и други македонски друштва.

И двајцата говорници добија аплауз.

Присутните поставија повеќе прашања за Вапцаров и искажаа повеќе свои мислења. Општа беше оцената дека книгата за Вапцаров е одлична, дека треба да достигне до секој еден и дека треба да биде преведена на македонски литературен јазик.

Општ беше заклучокот дека дури и клубот да остане привремено без просторија, тој не се затвора, како што им се сака на непријателите на македонското малцинство и дека ќе продолжи да работи и ќе најде начин да отвори на ново место.